Х. Е. Р. А.
асоцијација за здравствена едукација и истражување

адреса Дебарца 56
2 кат стан 4
1000 Скопје

тел. 02/3290 395
факс 02/2556 002
email hera@hera.org.mk
web hera.org.mk

**Првиот семеен центар на Град Скопје препознаен од граѓаните**

Х.Е.Р.А.-Асоцијација за здравствена едукација и истражување, денес (17 декември) на прес конференција ги презентираше резултатите од работата на Прв семеен центар на Град Скопје на којашто Елизабета Божиноска - програмски координатор во ХЕРА, истакна:

- во периодот од 15 октомври до 15 декември 2013 во Првиот семеен центар се понудени услуги на вкупно 20 корисници, од кои 4 добиле телефонски услуги и се препратени до соодветна институција/ здружение на граѓани, додека 16 лица се примени како клиенти на овој центар.
- вкупно 14 лица добиваат психо - социјално советување од страна на психотерапевт, додека останатите 2 сè уште не го почнале процесот поради здравствени причини.
- најголем дел од клиентите на ПСЦ или 7 лица се жртви на семејно насилство, 2 се лица се сторители на семејно насилство, 2 лица се деца од семејство со семејно насилство и 5 лица се останатите членови во семејството кои учествуваат во советувањето.
- жртвите на семејно насилство корисници на услугите на семејниот центар се најчесто жени кои се на возраст од 40 – 50 години, кои се вработени и кои живеат во брачна заедница.

Овие резултати и честите самоиницијативни обраќања покажуваат дека граѓаните имаат потреба од ваков тип на центар којшто нуди сеопфатни услуги. Дополнително центарот претставува ресурсен сервис којшто им стои на располагање и на социјалните институции од североисточниот регион на земјата кои ги препраќаат нивните корисници кои имаат потреба од овие услуги.

Затоа ХЕРА ги повикува останатите единици на локална самоуправа, бизнис секторот и пред се Министерството за труд и социјална политика како најповикана институција за спроведување на политиките за справување со семејно насилство да инвестираат во ваков тип на сервиси на територијата на целата земја и со тоа да покажат одговорност во справувањето со овој сериозен општествен проблем.

Денес беше одржана и „Конференција за вмрежување на институциите на локално и регионално ниво за користење на услугите од Прв семеен центар на Град Скопје“ на која преку презентација на моделот на овој центар како добар пример за соработка меѓу граѓанскиот сектор, локалната самоуправа и бизнис - секторот беше истакната важноста на децентрализацијата на социјалните сервиси во Македонија како и важноста на вклучувањето на бизнис секторот во овој процес.

Настанот беше отворен со воведни обраќања од страна на:

- Бојан Јовановски, Извршен директор, ХЕРА
- Елеонора П. Николовска, Раководител на одделение за социјална, детска и здравствена заштита, Град Скопје
- Зоран Стојковски, Извршен директор на Центар за институционален развој-ЦИРа

A Member Association of IPPF International Planned Parenthood Federation European Network

Х. Е. Р. А.
асоцијација за здравствена едукација и истражување
адреса Дебарца 56
2 кат стан 4
1000 Скопје
тел. 02/3290 395
факс 02/2556 002
email hera@hera.org.mk
web hera.org.mk

- Андреј Јовановски, член на координативно тело за општествена одговорност на Комерцијална банка, АД Скопје

Од страна на проф. Др. Светлана Трбојевиќ од Институтот за социјална работа и социјална политика беше истакнато дека во нејзиното истражување спроведено во 15 општини е увидено дека општините моментално издвојуваат само од 0.3-1% за социјална заштита од нивните буџети. Најчесто тие средства се наменети за администрирање на парична социјална помош. Понатаму беше посочено дека соработката со здруженијата не е на соодветно ниво, посебно во однос на нудење на услуги од социјална заштита. Исто така проф. Трбојевиќ истакна дека потребите на локално ниво не соодветствуваат со активностите кои се спроведуваат поради централното планирање на социјалната заштита во Македонија.

**Затоа еден од заклучоците од Конференцијата е дека постои потреба општините да се фокусираат на социјалната заштита во нивните програмите и буџетите, но исто така активно да се вклучат во проценка на потребите на граѓаните на локално ниво и планирање на потребните социјални сервиси.**

Зоран Стојковски, извршен директор на Центар за институционален развој-ЦИРа, истакна дека најважно е локалните самоуправи да размислуваат за потпишување на социјални договори со здруженијата на граѓани за да се унапреди квалитетот на услуги во областа на социјална заштита. Во регионот Хрватска е држава која предничи во децентрализација на социјалните услуги преку потпишување на социјални договори. 48% од буџетот на здруженијата на граѓани во Унгарија е обезбеден токму преку овој тип на социјални договори со локалните или националните власти.

**Вториот важен заклучок е дека за да го унапреди квалитетот на социјалните услуги Македонија треба да размислува за нивна децентрализација и секако вклучување на здруженијата на граѓани како даватели на директните сервиси до граѓаните.**

Комерцијална банка, АД Скопје претставувана од Андреј Јовановски, ја потенцираше важноста од вклучување на бизнис секторот во поддршка на сервиси кои им се потребни на граѓаните. Тие финансираат неколку повеќе годишни проекти преку кои ја истакнува својата општествена одговорност меѓу кои и финансирањето на Прв семеен центар на Град Скопје. Исто така тој истакна дека банката покрај финансирањето на инцијативи на здруженија граѓани бара и креативни начини на вклучување на своите вработени во различни акции за надминување на социјални проблеми преку што сака да покаже дека решавањето на социјалните проблеми секогаш изискува големи финансии.

**Генерален заклучок од конференцијата е дека инвестициите од страна на локалните самоуправи и буџетите во локални сервиси кои ќе нудат бесплатни и професионални услуги за сите лица засегнати од семејно насилство, вклучително и сторителите на семејно насилство се неопходни за квалитетна и реална заштита од семејно насилство за сите граѓани на земјата.**